РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1190/1
16-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница, одржана на ден 10.03.2026 ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-1069/1 од 04.04.2025 година оформен против --------, државен инспектор за ---------, државен инспектор ---------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата кои укажуваат на постоење судир на интереси не се потврдуваат, по што нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1069/1 од 04.04.2025 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител во која се изнесуваат наводи за постоење на потенцијален судир на интереси против две лица, од кои едниот е инспектор кој работел во рудникот ----- до 2022 година, а после тоа се вработува во Државен инспекторат за ---------- и извршувал инспекциски надзори во истото трговско друштво, додека пак брачниот другар (сопруга) на другиот инспектор била вработена во истиот рудник. Понатаму, пријавителот наведува дека двајцата инспектори биле вработени во Државниот инспекторат за -------- и истите лица во повеќе наврати извршувале вонреден надзор во Друштвото за производство и трговија ----------, односно лицата имаат вршено редовни, вонредни и контролни надзори во истата компанија.

Заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до Државниот инспекторат за ---------, како и до Друштвото за производство и трговија ----------, по што врз основа на добиените одговори и прибавената документација го утврди следното:

Лицето ------- било вработено во Друштвото за производство и трговија ----------до 31.01.2022 година, а сопругата на лицето ---------- (--------) била вработена во истото друштво од 2016 година до 31.03.20218 година.

Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба Државната комисија дополнително се обрати до Државниот инспекторат за------ во врска со тоа дали согласно законските прописи и внатрешни акти по кои постапува Државен инспекторат за -------- е предвидена забрана или временско ограничување во врска со вршење на инспекциски надзор од страна на инспектор вработен во Државниот инспекторат кај трговски друштва во кои претходно истиот бил вработен.

Државниот инспекторат за --------- ја извести Државната комисија со писмен допис дека во законски прописи и внатрешни акти по кои постапува Државниот инспекторат за --------- не е предвидена забрана или временско ограничување во врска со вршење на инспекциски надзор од страна на инспектор вработен во Државниот инспекторат кај трговски друштва во кои претходно истиот бил вработен, пред да заснова работен однос во Државниот инспекторат.

Согласно се претходно наведено, Државната комисија констатира дека нема прекршување на член 47 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на службените лица --------, државен инспектор за ------- и -------, државен инспектор за -------.

Имено, согласно член 47 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:

„(1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може:
- да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности,
- да стекне по кој било основ акции односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор.
(2) Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:
- да врши застапување како претставник на меѓународна или друга организација која со органот во кој претходно работел имаат или воспоставуваат договорен, односно деловен однос,

- да застапува правно или физичко лице пред органот во кој вршел јавни овластувања во предмети за кои како службено лице учествувал во донесување на одлуки,
- да врши работи на управување или ревизија во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.“

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. – член на ДКСК